ЏОН ГИВЕНС – НЕГОВОТО СУДБИНА КАКО ДЕТЕ ПРОГОНЕТО ОД ЕГЕЈОТ

Џон Гивенс (Јоанко Јоновски) е еден од децата бегалци, односно деца прогонети од татковите родни огништа од егејскиот дел на Македонија, кој во својата душа вечно го носи чемерот на раселените. Тој е еден од оние што ја имаа тажната судбина да бидат истерани од татковината и потоа да се раселат на многу страни од светот.

Во монографското дело „Моето семејство и Македонската заедница во Канада, мојата животна приказна“ на Џон Гивенс дава голем број информации и вистини кои со времето, на одреден начин како да се заборавиле. Затоа, Џон, како извонреден „чувар“ на податоците во врска со неговиот живот, дела и состојбите во Егејска Македонија, како и активностите на Македонците во Канада, дава опширни текстови, кои имаат историско значење за вистината на минатото.

Така, меѓу другото, писателот и македонистот Ристо Стефов во Воведот од монографијата нагласува дека тоа дело е приказна за Џон Гивенс и неговото искуство со македонската заедница во Северна Америка, што се случуваше во текот на три и повеќе децении по неговото пристигнување во Канада во 1955 година.

Инаку, во делото е пренесено турбулентното минато на Македонија кое има долга приказна за борбите кои започнувале уште со римската окупација на Античка Македонија во првиот век пред нашата ера и продолжуваат до денешни дни. Тој период придонесе Македонија и Македонците денес да имаат македонска држава, македонска вистина, нација, јазик, култура, религија... За жал, сите овие постигнувања и вистини за македонскиот народ и Македонија, соседите што ја поделиле Македонија ги прогласуваат за неважечки и како никогаш да не се случиле и дека Македонците не постојат. Но, вистина е дека Македонците постоеле. постојат и ќе постојат многу векови, не само по име но и како актери во бескрајната борба за слобода и желбата да живеат во иднина.

Џон Гивенс е еден од тие борци за Македонија. Тој беше роден во грчко окупираната Македонија во 1934 година и поминал четиринаесет години од неговото детство во метежот пред да биде оттргнат од семејството и испратен како трајно прогонет за.во Источна Европа

Во неговото монографско дело се вели дека Џон (Јоанче), е син на Мајкл (Михаил) и Кристина (Ристана) Гивенс (Јановски), роден на 19.11.1934 година во село Ошчима, Леринско, во окупирана Македонија, позната и како „Егејска Македонија. Тој е второто чедо на родителите од четирите браќа и сестри, од кои најстара е сестра му Софи, потоа доаѓа Џан, па брат му Петар и на крај, сестра му Лена..

Џон Гивенс, меѓу другото се сеќава од детството на еден трауматичен инцидент, кога Егејска Македонија беше нападната од британските бомбардери. Тоа се случило во 1945 година, за време на Втората светска војна, во времето кога Германија беше во војна со светот. Еден ден бил сведок на германски борбени авиони како напаѓаат два британски тешки бомбардери додека летале над Ошчима. Британските бомбардери, во лет се обидувале да избегаат, прелетале над Ошчима, покрај реката.. Меѓутоа, еден авион се урнал над Старо Ошчима, во близина на селото, убивајќи ги сите на авионот..

Исто така, Џон Гивенс се сеќава на времето кога грчките фашистички сили дошле во нивното село Ошчима во есента 1947 година, и кога ги тепале селаните и запали бројни кучи и плевни. Во најголемото сеќавање му било кога татко му уште бил во затворот во Солун, едно утро во почетокот на февруари, 1948 година, грчки војници влегле во нивната куќа, ги зедоја и ги однеле во канцеларијата во училиштето кое ги заклучиле, Тогаш грчките партизани им го конфискувале имотот, ги испразниле амбарите и зеле сè што нашле во куќата.

Тој бил почетокот на семејното заминување од селото Оштима и раселувањето по светот. Така, целата фамилија се најде во 5 држави: татко ми

Михаил во Канада, мајка ми остана во Грција; сестра ми Софија во Осијек – Хрватска; помалата сестра Лена во Бела Црква, Србија; брат ми Петре во Романија; а Џан во Унгарија. Пред да го напуштат селото се ширела пропаганда дека заминувале од родното место само на кратко време односно 3 месеци. Таква била нивната судбина.

Според пишувањето на Џон, кога влегле во Југословенската граница уште било ноќно време, месечината светела над Преспанско Езеро. Кинисале да слегуваат кон Езерото кое од далеку им се гледало како голем асфалтен пат. Таму биле пречекани од Југословенската погранична стража која ги упатила кон Долно Дупени, а потоа кон Љубојно, каде останале дваесетина дена. Од Љубојно со камиони биле пренесени во Битолската железничка станица, од каде воз отпатувале за Будимпешта, Унгарија.

По извесен период Џон, заедно други деца прогонети (бегалци) биле преселени во Полска. Таму Џон го учи техничкиот занает и истовремено е активен спортист. Училиштето го завршува во 1955 година со многу добар успех и се вработува во Вроцлавската радиотелевизија како техничар.

На 27 септември 1955 пристигнува во Торонто, каде што одново е на својот техничарски занает специјализирајќи и едновремено учејќи, навлегувајќи во многу тајни на струката. Две години по доселувањето се оженува со Цена Стојмева со која ги имаат ќерките Кристина и Каролина и синот Михаило. Во меѓувреме одраснатите веќе ќерки и синот се задомија, добија и принови, па така семејството Гивенс се зголемено со зетовци и со внуците Наташа и Рејчел.

По неколку години од доаѓањето во Канада, Џон се вклучува во македонските национални организации, а од 1963 година е член на МПЦ "Свети Климент Охридски". Потоа, во 1964 година беше избран за секретар-благајник, а потоа во 1965 година е избран за претседател на Управата на организацијата „Обединетите Македонци“ за Канада.

За одбележување е тоа што во 1965 година организацијата „Обединети Македонци“ го одржа најголемиот Илинденски пикник, одржан во Спринг Хил Парк, во Витби, на кој присуствуваа околу дваесет и пет илјади Македонци и нивни пријатели од Канада и САД. Потоа за период 1966-1967 година, Џон Гивенс беше избран за претседател на организацијата „Обединети Македонци“,и беше еден од ко-основачите на Организацијата. Тоа беше втор мандат по формирање на оваа значајна македонска организација на Американскиот континент.

Оттогаш служел на многу позиции во извршниот одбор на организацијата,во кое време бел ко-основач на Обединетите Македонци од Северна Америка. Така, на првата конвенција на Обединетите Македонци, одржана на 3-7 септември 1970 година, беше избран за претседател на Заедничкиот извршен одбор на Обединети Маке донци на Север Америка. Тој беше и еден од основачите на Македонската православна црква, „Св. Климент Охридски“, во Торонто. Така, беше избран во Управниот одбор во 1963 година и остана на управниот одбор за време и по изградбата на црквата (1964 – 1965).

Во септември 1965 година бев реизбран во одборот во 1966 година и служев како секретар благајник на црквата под претседателство на професорот Џејмс Југлоф. Продолжив да бидам активни во црквата и служеле во многу одбори. Во 1980 година бев избран за претседател на црквата Свети Климент Охридски за годините 1981-1982 година. Две години подоцна, во Гери, Индијана, во септември на 1983 година бел избран за потпретседател на Епархијата за годините 1984 - 1985 година.бил активен поддржувач и член на Benefit Society Oshchima; моето село здружение основано во 1907 година.

Пишува: СЛАВЕ КАТИН